**20090050118**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/2007), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНАТА КАРТА, ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНАТА КАРТА, ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЧНАТА КАРТА, ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ЗАМЕНА НА ЛИЧНАТА КАРТА И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗДАДЕНИТЕ ЛИЧНИ КАРТИ

Член 1

Во Правилникот за образецот на барањето за издавање на личната карта, образецот на потврдата за поднесено барање за издавање на личната карта, образецот на личната карта, постапката за издавање и замена на личната карта и за начинот на водење на евиденција за издадените лични карти („Службен весник на Република Македонија” бр.116/07, 129/07 и 161/07), членот 9 се менува и гласи:

„Член 9

Во оправдани случаи (болест, физичка спреченост и слично), барањето за издавање на лична карта може да биде поднесено и личната карта може да биде издадена и надвор од просториите на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи, со употреба на мобилна станица за земање на биометриски податоци.

Во случаите од став 1 на овој член, лицето на кое му се издава лична карта ги сноси трошоците за издавање на личната карта со употреба на мобилна станица.

Лицата корисници на социјална помош согласно Законот за социјална заштита се ослободени од плаќање на трошоците за издавање на личната карта со употреба на мобилна станица.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1-94114/1
31 декември 2008 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.